ЗАПИСНИК
Од 1-ва (конститутивна) седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС
Скопје, 22 декември, 2021 г.

**Присутни**:

Делегати: Ридван Ибраими (Градоначалник на Општина Арачиново), Звонко Пекевски (Градоначалник на Општина Берово), Тони Коњановски (Градоначалник на Општина Битола), Блаже Шапов (Градоначалник на Општина Богданци), Бесник Емши (Градоначалник на Општина Боговиње), Ристо Манчев (Градоначалник на Општина Босилово), Јовица Илиевски (Градоначалник на Општина Брвеница), Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Славе Андонов (Градоначалник на Општина Василево), Спасе Кочовски (Градоначалник на Општина Вевчани), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Миле Петков (Градоначалник на Општина Виница), Бобан Стефковски (Градоначалник на Општина Гази Баба), Андон Сарамандов (Градоначалник на Општина Гевгелија), Арбен Таравари (Градоначалник на Општина Гостивар), Киро Нацков (Градоначалник на Општина Градско), Данела Арсовска (Градоначалничка на Град Скопје), Хекуран Дука (Градоначалник на Општина Дебар), Горан Трајковски (Градоначалник на Општина Делчево), Лазар Петров (Градоначалник на Општина Демир Капија), Никола Најдовски (Градоначалник на Општина Демир Хисар), Урим Ибески (Градоначалник на Општина Долнени), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Блерим Сејдиу (Градоначалник на Општина Желино), Коста Маневски (Градоначалник на Општина Зелениково), Борчо Коцев (Градоначалник на Општина Зрновци), Александар Георгиевски (Градоначалник на Општина Илинден), Димитар Костадиноски (Градоначалник на Општина Јегуновце), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Стевчо Јакимовски (Градоначалник на Општина Карпош), Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Златко Ристов (Градоначалник на Општина Конче), Љупчо Папазов (Градоначалник на Општина Кочани), Тодорче Николовски (Градоначалник на Општина Кратово), Сашко Митовски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Николче Мискоски (Градоначалник на Општина Кривогаштани), Максим Димитриевски (Градоначалник на Општина Куманово), Бошко Цветковски (Градоначалник на Општина Лозово), Медат Куртовски (Градоначалник на Општина Маврово и Ростуше), Димчо Атанасовски (Градоначалник на Општина Македонска Каменица), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Драганчо Саботковски (Градоначалник на Општина Могила), Горан Стојанов (Градоначалник на Општина Неготино), Стевче Стевановски (Градоначалник на Општина Новаци), Ѓорѓе Божинов (Градоначалник на Општина Ново Село), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Борче Митевски (Градоначалник на Општина Петровец), Александар Китански (Градоначалник на Општина Пехчево), Алија Јаоски (Градоначалник на Општина Пласница), Борче Јовчески (Градоначалник на Општина Прилеп), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Борче Спасовски (Градоначалник на Општина Ранковце), Јован Тозиевски (Градоначалник на Општина Ресен), Стојан Николов (Градоначалник на Општина Росоман), Блерим Беџети (Градоначалник на Општина Сарај), Дејан Владев (Градоначалник на Општина Свети Николе), Стефче Трпковски (Градоначалник на Општина Сопиште), Жаклина Јовановска (Градоначалник на Општина Старо Нагоричане), Рамис Мерко (Градоначалник на Општина Струга), Азем Садики (Градоначалник на Општина Студеничани), Нухи Незири (Градоначалник на Општина Теарце), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Горан Стојановски (Градоначалник на Општина Чашка), Далибор Ангелов (Градоначалник на Општина Чешиново-Облешево), Сашко Комненовиќ (Градоначалник на Општина Чучер сандево), Иван Јорданов (Градоначалник на Општина Штип), Сашка Крстевска Павловска (Претседателка на Совет на Општина Старо Нагоричане), Илир Елези (Претседател на Совет на Општина Боговиње), Сашо Донев (Претседател на Совет на Општина Охрид), Габриела Илиевска (Претседателка на Совет на Општина Битола), Иван Жежовски (Претседател на

Совет на Општина Кисела Вода), Зоран Љутков (Претседател на Совет на Општина Велес), Гоце Попов (Претседател на Совет на Општина Делчево).

**Присутни со овластувања**: Фадиљ Џемаил (со овластување од градоначалникот на Шуто Оризари), Александар Нанчев ( со овластување од градоначалникот на Општина Струмица)

**Општи информации**:

Врз основа на членот 16, став 2, точка 2 од Статутот на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија - ЗЕЛС, Генералното Собрание на ЗЕЛС ја одржа својата прва – конститутивна седница на 22 декември, 2021 г. (среда), со почеток во 11 часот, во хотел "DoubleTree by Hilton", Скопје.

**Расправа**:

Делегатите на Генералното Собрание беа запознати со начинот на работа на оваа седница од страна на Извршниот Директор на ЗЕЛС, кој укажа дека во целост се запазени статутарните одредби за начинот на конституирање на телата и органите на ЗЕЛС, и дека согласно пропишаната постапка Генералното Собрание како највисок орган на ЗЕЛС може полноправно да донесува одлуки. Управниот одбор на ЗЕЛС брои 22 члена и тоа 19 членови од редот на избраните градоначалници, а три члена од кои само еден со право на глас од редот на членовите на Комитетот на Советите. Во текот на работата на Генералното Собрание, Управниот одбор и Комитетот на Советите ќе одржат исто така свои конститутивни седници со цел избор на Претседател и двајца потпретседатели на овие орган. Ова од причина што Претседателот и двајцата Потпретседатели на Управниот одбор се истовремено и Претседател и Потпретседатели на ЗЕЛС, а Претседателот и двајцата Потпретседатели на Комитетот на Советите се членови на Управниот одбор на ЗЕЛС.

Согласно член 14, став 4 од Статутот на ЗЕЛС, градоначалниците на единиците на локалната самоуправа по функција се делегати на Генералното Собрание на ЗЕЛС, а Претседателите на Советите нивни заменици. Исто така, со ставот 7 и ставот 8 од истиот член, се утврдува дека во случај на спреченост на делегатот односно неговиот заменик да присуствуваат на седницата, делегатот може да овласти член на Советот на единицата на локалната самоуправа да го заменува на седницата. Во овој случај, членот на Советот го заменува делегатот со сите права и обврски на статусот делегат на Генералното Собрание, при што овластувањето за оваа намена се издава исклучиво во писмена форма.

Генералното Собрание на ЗЕЛС расправаше по следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Одлука за избор на членови во работното претседателство на првата конститутивна седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС;
2. Одлука за избор на Верификациона Комисија;
3. Одлука за избор на Кандидациона Комисија;
4. Одлука за избор на членови во Комитетот на Советите на ЗЕЛС;
5. Одлука за избор на членови на Управниот Одбор на ЗЕЛС;
6. Одлука за избор на членови на Надзорниот одбор на ЗЕЛС;
7. Обраќање на новиот претседател на ЗЕЛС;
8. Усвојување на Финансискиот и Акцискиот план на ЗЕЛС за 2022 г.;
9. Разно - Дискусија;

**ПРВА ТОЧКА:** Одлука за избор на членови во работното претседателство на првата конститутивна седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС;

За членови на Работното Претседателство се предложени следните делегати и тоа:

1. Жаклина ЈОВАНОВСКА– градоначалник на Општина СТАРО НАГОРИЧАНЕ – Претседавач
2. Висар ГАНИУ – градоначалник на Општина ЧАИР
3. Ацо РИСТОВ - градоначалник на Општина РАДОВИШ

**ОДЛУКА:** Генералното Собрание на ЗЕЛС донесе Одлука за избор на членови на Работното претседателство на 1-ва конститутивна седница согласно предлогот

**ВТОРА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови на Верификациона Комисија;

За членови на Верификационата комисија се предлагаат:

1. Александар СТОЈКОСКИ - градоначалник на Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ - Претседавач
2. Бесник ЕМШИУ – градоначалник на Општина БОГОВИЊЕ
3. Блаже ШАПОВ - градоначалник на Општина БОГДАНЦИ

**ОДЛУКА**: Генералното Собрание едногласно ги избра членовите на Верификационата Комисија согласно предлогот

Претседателот на Верификационата комисија констатираше дека на седницата на Генералното Собрание се присутни 77 делегати и дека и од страна на оваа Комисија се потврдува можноста на Генералното Собрание полноправно да одлучува.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови на Кандидациона Комисија;

За членови на Кандидационата комисија се предлагаат:

1. Горан ТРАЈКОВСКИ - градоначалник на Општина ДЕЛЧЕВО – Претседавач
2. Ридван ИБРАИМИ - градоначалник на Општина АРАЧИНОВО
3. Борче МИТЕВСКИ - градоначалник на Општина ПЕТРОВЕЦ

**ОДЛУКА**: Генералното Собрание едногласно ги избра членовите на Кандидационата Комисија согласно предлогот.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови во Комитетот на Советите при ЗЕЛС;

Претседателот на Кандидационата Комисија го предложи составот на Комитетот на Советите при ЗЕЛС и тоа:

1. Трајко СЛАВЕСКИ, претседател на Советот на ГРАД СКОПЈЕ
2. Сашка КРСТЕВСКА ПАВЛОВСКА, претседателка на Советот на Општина СТАРО НАГОРИЧАНЕ
3. Илир ЕЛЕЗИ, претседател на Советот на Општина БОГОВИЊЕ
4. Сашо ДОНЕВ, претседател на Советот на Општина ОХРИД
5. Моника РИСТЕСКА, претседател на Советот на Општина РАДОВИШ
6. Габриела ИЛИЕВСКА, претседателка на Советот на Општина БИТОЛА
7. Иван ЖИВКОВСКИ, претседател на Советот на Општина КИСЕЛА ВОДА
8. Зоран ЉУТКОВ, претседател на Советот на Општина ВЕЛЕС
9. Гоце ПОПОВ, претседател на Советот на Општина ДЕЛЧЕВО

**ОДЛУКА**: Генералното Собрание еногласно ги избра членовите на Комитетот на Советите согласно предлогот на Кандидационата Комисија.

**ПЕТТА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови на Управниот Одбор на ЗЕЛС;

Претседателот на Кандидационата Комисија го предложи составот на Управниот Одбор на ЗЕЛС и тоа:

1. Данела АРСОВСКА – градоначалник на ГРАД СКОПЈЕ
2. Висар ГАНИУ – градоначалник на Општина ЧАИР
3. Перо КОСТАДИНОВ – градоначалник на Општина ВАЛАНДОВО
4. Еркан АРИФИ – градоначалник на Општина ЛИПКОВО
5. Нухи НЕЗИРИ – градоначалник на Општина ТЕАРЦЕ
6. Костадин КОСТАДИНОВ – градоначалник на Општина СТРУМИЦА
7. Горан ГЕРАСИМОВСКИ – градоначалник на Општина ЦЕНТАР
8. Сашко МИТОВСКИ – градоначалник на Општина КРИВА ПАЛАНКА
9. Орце ЃОРЃИЕВСКИ - градоначалник на Општина КИСЕЛА ВОДА
10. Жарко РИСТЕСКИ- градоначалник на Општина МАКЕДОНСКИ БРОД
11. Дарко КОСТОВСКИ - градоначалник на Општина БУТЕЛ
12. Марко КОЛЕВ - градоначалник на Општина ВЕЛЕС
13. Александар СТОЈКОСКИ - градоначалник на Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
14. Виктор ПАУНОВ- градоначалник на Општина КАРБИНЦИ
15. Ацо РИСТОВ - градоначалник на Општина РАДОВИШ
16. Митко ЈАНЧЕВ- градоначалник на Општина КАВАДАРЦИ
17. Кирил ПЕЦАКОВ- градоначалник на Општина ОХРИД
18. Азем САДИКИ – градоначалник на Општина СТУДЕНИЧАНИ
19. Максим ДИМИТРИЕВСКИ – градоначалник на Општина КУМАНОВО

Градоначалникот на Општина Желино, г. Блерим Сејдиу се обрати до Генералното Собрание со констатација дека составот на Управниот одбор не соодвејствува со реалната ситуација на терен и дека во составот на УО би требало да биде избран г. Биљал Касами, градоначалник на Општина Тетово. Тој образложи дека Тетово е меѓу најголемите градови во државата и дека градоначалникот на овој град треба да биде член на Управниот одбор на ЗЕЛС.

**ОДЛУКА**: Генералното Собрание со 76 гласови ЗА и еден глас ПРОТИВ ги избра членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС согласно предлогот на Кандидационата Комисија.

**ШЕСТА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови на Надзорниот одбор на ЗЕЛС;

Претседателот на Кандидационата Комисија го предложи составот на Надзорниот Одбор на ЗЕЛС и тоа:

1. Хекуран ДУКА – градоначалник на Општина ДЕБАР
2. Звонко ПЕКЕВСКИ – градоначалник на Општина БЕРОВО
3. Дејан ВЛАДЕВ- градоначалник на Општина СВЕТИ НИКОЛЕ
4. Борче ЈОВЧЕСКИ – градоначалник на Општина ПРИЛЕП
5. Димитар КОСТАДИНОСКИ – градоначалник на Општина ЈЕГУНОВЦЕ

**ОДЛУКА**: Генералното Собрание еногласно ги избра членовите на Надзорниот одбор на ЗЕЛС согласно предлогот на Кандидационата Комисија.

Управниот одбор на ЗЕЛС ја одржа својата конститутивна седница на која ја избра г-ѓа Данела АРСОВСКА за Претседател, г. Висар ГАНИУ за Потпретседател и г. Перо КОСТАДИНОВ за Потпретседател.

**СЕДМА ТОЧКА**: Обраќање на новиот претседател на ЗЕЛС;

Обраќањето на Претседателот на ЗЕЛС, г-ѓа Данела АРСОВСКА во целост:

“Почитувани делегати на Генералното собрание на ЗЕЛС,

Сакам да ве информирам, дека членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС, на кратката конститутивна седница што ја одржавме во паузата на Генерално собрание, едногласно ми ја дадоа довербата да бидам претседател на ЗЕЛС во следните четири години.

Заедно со мене, доверба добија и двајцата потпретседатели на ЗЕЛС: Висар Ганиу, градоначалник на Општина Чаир и градоначалникот на Општина Валандово, Перо Костадинов.

Им честитам на потпретседателите на ЗЕЛС и мислам дека со наша заедничка посветеност, со активно работење на целиот Управен одбор но, и на сите тела и органи што денес беа избрани на оваа конститутивна седница на Генералното собрание на ЗЕЛС, ќе означиме еден успешен четиригодишен мандат во кој ќе успееме процесот на децентрализација, што е во стагнација околу десетина години, да го издигнеме на повисоко ниво.

Го прифатив овој предизвик, бидејќи оваа позиција, пред се, ја разбирам како голема одговорност. Ќе ги вложам сите напори за да обезбедиме значајни промени, што дефинитивно треба да се случат во локалната власт. Ја очекувам поддршката од сите градоначалници и општински советници.

Приоритетите ќе одат во насока на комплетна и успешна реализација на редефинирање и усовршување на системот на локалната власт, што беше започнато во изминатиот период.

Преку ЗЕЛС ќе продолжиме со лобирањето за реализација на пакетот на промени за: обезбедување на поголема финансиска стабилност на локалната власт; преземање на нови надлежности и промени во организациската поставеност на работењето на единиците на локалната самоуправа.

Свесни сме дека централната власт префрла малку средства на општините, па затоа имаме и задолжени општини. Она што пред неколку месеци го понуди Министерството за финансии, како измени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, мислам дека не дава ниту приближна основа за обезбедување на финансиска стабилност на општините.

Постепено зголемување на процентуалното зафаќање од ДДВ за општините, кое дури во 2024 година ќе изнесува 6%, а сега е 4,5% не е доволно. Уште повеќе е дискутабилно понуденото зголемувањето на процентуалното зафаќање од персоналниот данок на доход, што сега изнесува 3% а постепено до 2024 треба да достигне 6%.
Моите сознанија говорат дека општините во регионот добиваат 50%, а во земјите од Европската Унија и 80% од персоналниот данок. За мене, искрено, дискутабилен е и делот за поддршка на општините за нивно оддолжување. Собранието се уште не ги разгледувало и не ги прифатило овие предлог-законски промени, па затоа, ова треба да биде и нашиот прв приоритет за дискусија на Управниот одбор.
Втор предизвик веројатно треба да ни биде урбанистичкиот хаос што не се чувствува само во градовите, туку се почесто и во руралните средини. Точно е дека во услови на „сиромашни општини“ средствата што се добиваат од комуналиите се добредојдени, но потребно ни е обезбедување на планска документација, која мораме да ја донесуваме на најтранспарентен начин, со учество на граѓаните. Изработката на урбанистичките планови е скапа и долготрајна постапка, но мислам дека само така ќе обезбедиме искоренување на овој наш феномен на градење на диво.
Анализите, но и праксата покажуваат дека ефикасноста на општините, во делот на прибирањето на сопствените приходи, особено приходите од данокот на имот е ниска, а во

некои општини е сведена и на минимум. Од следната година, стапуваат во сила законските измени каде се предвидува поголемо оданочување на недвижниот имот во кој сопственикот не живее повеќе од шест месеци. Ни и тука има недоречености, односно не се утврдени постапките што треба да се преземат во докажувањето на таквата состојба.

Значи, она што можеме ние веднаш да го направиме е да започнеме да ги евидентираме сите имоти на наша територија; да им утврдиме реална пазарна вредност според утврдената методологија и да ја подобриме наплатата на овој данок .
Очигледно ни престојат многу предизвици и донесување на важни одлуки кои првенствено треба да бидат во интерес на локалната власт и на граѓани. Затоа сметам дека треба да бидеме единствени во ЗЕЛС, да се стави настрана партиската припадност и заедно да лобираме за подобрување на целокупниот процесот на децентрализација на власта во земјава.

Јас секогаш сум голем оптимист, мислам дека ќе успееме, бидејќи тоа го заслужуваат нашите граѓани кои ни ја дадоа довербата и мораме да обезбедиме подобри услуги и подобри услови за живот за сите.

Благодарам!”

**ОСМА ТОЧКА**: Усвојување на Финансискиот и Акцискиот план на ЗЕЛС за 2022 г.;

Извршниот директор на ЗЕЛС детално ги образложи Предлог – Буџетот на ЗЕЛС (финансискиот план на ЗЕЛС) за 2022 г. и Планот за работа (акцискиот план) за 2022 година со образложение за структурата, приходите и расходите, очекуваните приливи и претежните извори на приходи и планирани расходи. Генералното Собрание имаше прилика преку детална презентација да се запознае и со структурата на долговите на општините како членки на ЗЕЛС кон оваа организација, со приказ на поединечните долгови по општини. По презентацијата се отвори расправа.

**ОДЛУКА**: Генералното Собрание на ЗЕЛС едногласно го усвои Буџетот на ЗЕЛС (финансискиот план) за 2022 година

**ОДЛУКА**: Генералното Собрание на ЗЕЛС едногласно го усвои Акцискиот план ЗЕЛС (планот за работа на ЗЕЛС) за 2022 година

**ДЕВЕТТА ТОЧКА**: Разно

Под точката разно немаше расправа.

**Скопје, 22 декември, 2021 г.**

**Составил,**
**Стручната служба на ЗЕЛС**